## 2.2. Монетарни агрегати

***Дивергентна месечна динамика на монетарните агрегати***

Понатамошното стабилизирање на побарувачката за готови пари, како и умереното месечно намалување на трансакционите средства на економските субјекти, во март 2003 година резултираа со месечно намалување на паричната маса М1. Од друга страна, во услови на сé поизразена склоност кон штедење, кај пошироките монетарни агрегати беше регистрирана позитивна динамика.

***Месечно намалување на паричната маса М1 од 1,6%***

При истовремено намалување на нивото на готовите пари во оптек и вкупните депозитни пари, во март 2003 година беше регистриран месечен пад на паричната маса М1 од 1,6%. Така, побарувачката за готови пари беше пониска на месечна и годишна основа за 1,9% и 13,4%, соодветно, во голема мерка рефлектирајќи го ефектот од укинувањето на привремениот данок на финансиски трансакции, кој беше во примена минатата година. Вкупните депозитни пари на недржавниот сектор (тековни и жиро сметки) забележаа месечно намалување од 1,3%. При речиси непроменето ниво на средствата на трансакционите сметки на претпријатијата, падот на депозитните пари, во најголем дел се должи на намалувањето на депозитните пари на населението (3,1%). Ваквата тенденција на намалување на ликвидните средства на населението кореспондира со изразената ориентација на насочување на расположивиот доход во штедење во рамките на банкарскиот систем. Во однос на истиот месец од претходната година, вкупните депозитни пари се пониски за 4,1%, при годишно намалување на депозитните пари на претпријатијата од 10,5% и пораст на депозитните пари на населението од 4,0%. Од структурен аспект, учеството на депозитните пари на претпријатијата изнесуваше 62,4%, додека депозитните пари на населението во вкупните депозитни пари учествуваа со 22,1%.

Графикон 16
Депозитни пари на претпријатијата и населението
(во милиони денари)




***Незначителни поместувања во структурата на паричната маса М1...***

***...и непроменета монетарна мултипликација***

Учеството на готовите пари во оптек во паричната маса М1 сé уште се одржува на високо ниво и во март 2003 година изнесуваше 52,7% (месечно намалување од 0,2 процентни поени). Со тоа и во третиот месец од годината не се регистрирани позначителни промени во структурата на монетарниот агрегат М1. На годишна основа, учеството на готовите пари во оптек забележа пад од 2,6 процентни поени. Во март 2003 година не беше регистрирана промена во динамиката на монетарната мултипликација (монетарниот мултипликатор на паричната маса М1 изнесуваше 1,50).

Графикон 17
Структурно учество на готовите пари во оптек (ГПО) и депозитните пари (ДП) во паричната маса М1
(во %)




*Месечен и годишен пораст на монетарните агрегати М2 и М4*

По намалувањето во претходниот месец, во март 2003 година монетарните агрегати М2 и М4 забележаа идентичен месечен пораст од 1,1%. Имено, и покрај негативната месечна динамика на готовите пари во оптек и трансакционите сметки на економските субјекти, интензивираното депонирање на средства во форма на краткорочно штедење детерминираше месечен пораст на паричната маса М2 од 1,1%. Промените на долгорочниот депозитен потенцијал условија идентичен месечен пораст и кај најшироко дефинираната парична М4. Позитивната динамика на депозитите кај банките, при истовремено намалување на побарувачка за готови пари делуваше во насока на зајакнување на процесот на монетарна мултипликација. Така, монетарните мултипликатори на паричната маса М2 и М4 во март 2003 година изнесуваа 4,11 и 4,43 соодветно (4,02, односно 4,33 во претходниот месец). И покрај ефектот од намалувањето на готовите пари во оптек, склоноста кон штедење детерминираше позитивни годишни стапки на пораст на монетарните агрегати М2 и М4 од 5,7% и 2,4%, соодветно.

Графикон 18
Монетарни агрегати и нивните компоненти
(во милиони денари)



*Интензивирање на порастот на депозитите на банките...*

*...во најголема мерка детерминирано од порастот на краткорочните и денарските депозити*

Во март 2003 година беше регистрирано интензивирање на позитивната месечна динамика на вкупниот депозитен потенцијал на банкарскиот систем[9]. Така, во однос на претходниот месец вкупните депозити беа повисоки за 2,6%. Понатамошното проширување на депозитната база на банките создава предуслови за зголемување на ефикасноста на финансиската интермедијација и надополнување на финансискиот потенцијал на економијата преку банкарски кредити. И покрај тоа што повисоко ниво е регистрирано кај сите видови на депозити (од аспект на нивната рочна и валутна структура), главен фактор на месечниот пораст на вкупните депозити претставуваа краткорочно орочените и денарските депозити. Истовремено, во рочната структура на вкупниот депозитен потенцијал, краткорочните депозити го задржаа доминантното учество (во март 2003 година тоа изнесуваше 89,0% и е речиси идентично со учеството од претходниот месец). Интензивниот пораст на депозитите деноминирани во домашна валута придонесе кон месечно намалување на учеството на девизните депозити за 1 процентен поен, со што на крајот на месецот тоа изнесуваше 65,4%. Сé поизразената склоност кон штедење се потврдува и со високата годишна стапка на пораст на вкупните депозити (9,6%). Ваквата меѓугодишна динамика, делумно ја одразува и релативно пониската споредбена основа, поради повлекувањето на дел од депозитите депонирани заради евро-конверзија во првиот квартал од претходната година.

Графикон 19
Динамика на депозитите
(во милиони денари)




*Незначително зголемување на депозитите на населението....*

Како и во претходниот месец, и во март 2003 година вкупните депозити на населението забележаа умерен месечен пораст. Така, во однос на претходниот месец тие беа повисоки за 0,5%. Порастот на депозитите на населението, главно е генериран од повисокото ниво на краткорочни депозити (0,5%). Од валутен аспект поинтензивен пораст е регистриран кај денарските депозити (1,0%), наспроти порастот на девизните депозити (0,3%). Во однос на истиот месец од претходната година, вкупните депозити на населението се повисоки за 9,8%.

[9]Вкупните депозити на недржавниот сектор опфаќаат краткорочни и долгорочни (денарски и девизни) депозити на економските субјекти (без депозитните пари).

Графикон 20
Структура на депозитите по сектори
31.03.2003 година 31.03.2002 година




***...и интензивен пораст на вкупните депозити на претпријатијата***

Во март 2003 година, депозитите на претпријатијата беа доминантен фактор на динамиката на вкупниот депозитен потенцијал на банкарскиот систем. Така, на месечна основа тие беа повисоки за значителни 9,7%. Како и во претходниот месец, ваквите движења на депозитите на претпријатијата, во најголема мерка се резултат на склоноста кон краткорочно орочување на средства во домашна валута (месечен пораст на краткорочните депозити на претпријатијата од 10,0%). Притоа, најинтензивно зголемување бележат денарските депозити орочени до три месеци, при истовремена регистрирана редистрибуција на депозити орочени над три месеци кон депозити со помала рочност. Делумно, ваквите одлуки на претпријатијата се резултат на каматната политика на банките. Кон значителниот пораст на краткорочните депозити на претпријатијата придонесе и зајакнатата ориентација на претпријатијата за краткорочно орочување на девизни средства. На годишна основа (март 2003 / март 2002 година), вкупните депозити на претпријатијата се повисоки за 15,2%, како одраз на зголеменето штедење и одредбите од новиот Закон за девизно работење (слободно располагање со девизните средства).